# Закон за задолжување согласно "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година"

**Службен весник на Р. Македонија бр. 142/08 од 10.11.2008 година**

**Член 1**

Македонски железници Транспорт АД Скопје врз основа на "Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година", кој ќе се склучи меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА, презема долг во износ од 2.408.707,96 евра.

**Член 2**

Поблиските услови на отплаќање на средствата од член 1 на овој Закон се утврдуваат со Договор за регулирање на долгот на Македонски железници АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година кој ќе биде склучен меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Унгарски железници МАВ СА.

**Член 3**

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за регулирање на долгот од член 1 на овој закон, како и отплаќањето на пристигнатите ануитети ќе го врши Македонски железници Транспорт АД Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за регулирање на долгот.

**Член 4**

Обврските од Договорот од член 1 на овој закон ќе се отплаќаат во согласност со планот на отплата под следните услови:

- камата од 2,117% годишно на пристигнати, а неплатени обврски во износ од 397.707,96 евра Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе ја плаќа тромесечно во рок од пет години и

- за периодот 01.04.2003 година до 31.12.2007 година на достасани, а неплатени обврски по каматна стапка 3,567% годишно, Македонски железници Транспорт АД Скопје треба да плати износ од 2.011.000 евра на три години со определена динамика и тоа во 2008, 2009, и 2010 година.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".